Врз основа на член 31-а став 4 од Законот за персонален данок на доход („Службен весник на Република Македонија” број 80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01 ,2/02, 44/02, 94/04, 4/04,120/05,52/06,139/06,06/07,160/07,159/08,20/09 и 139/09), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПАУШАЛНО ОДАНОЧУВАЊЕ НА ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ

**„Службен весник на РМ”, бр. 153/2009**

**Важи од 24.12.2009 година**

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за паушално оданочување на остварени приходи од земјоделска дејност.

## Член 2

Барањето за паушално оданочување на остварени приходи од земјоделска дејност се поднесува на образецот “ПДД-ПЗ” кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи: дел 1-Податоци за обврзникот, дел 2-Податоци за земјоделските парцели кои се користат,дел 3-Податоци за видот и бројот на животните, дел 4-Податоци за земјоделската опрема со која располага обврзникот, дел 5- Податоци за остварен/очекуван вкупен приход во годината, дел 6-Прилози кон барањето,дел 7-Податоци за составувачот и подносителот на барањето,Општи напомени и упатвство за пополнување.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

**Бр. 20- 42871/1**
**17 декември 2009 година**
**Скопје**

**Заменик Претседател на Влада**
**и Министер за финансии**
**М-р Зоран Ставрески, ср**